Друштво за промет и услуги
АНДРЕЈ-КОМПАНИ ДООЕЛ
Бр. 02307-25
11.09 2024 год.
Конев Борче и др. увоз-извоз Штип

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Архивски број: 03-8736/1
Датум: 06-09-2024

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на стоки – образовни и дидактички материјали

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за промет и услуги АНДРЕЈ-КОМПАНИ ДООЕЛ Конев Борче и др. увоз-извоз Штип, со седиште на ул.„Благој Мучето" бр.12-А во Штип, претставувано од Андреј Конев, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

### I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на образовни и дидактички материјали за градинката на Министерството за финансии по спроведената постапка за набавка од мала вредност по оглас бр.11828/2024.

### II.ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 100.825,92 денари.

Данокот на додадена вредност на договорот на износот од став 1 од овој член изнесува 17.090,08 денари.

Вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 117.916,00 денари.

Член 3

Единичните цени на образовните и дидактички материјали за градинката на Министерството за финансии дадени во Прилог 1 кон овој договор се крајни, фиксни и непроменливи сè до конечното исполнување на договорот и во нив се вкалкулирани сите трошоци што носителот на набавката ги има до нивната испорака кај договорниот орган.

Фактурирањето за испорачаните стоки ќе се врши според единичните цени дадени во Прилог 1 на овој договор со пресметување на данок на додадена вредност според пропишаната законска стапка.

## III. РОК, НАЧИН И МЕСТО НА ИСПОРАКА

Член 4

Испораката на образовните и дидактички материјали ќе се изврши во рок од 30 (триесет) дена, сметано од датумот на приемот на писмената порачка од страна на носителот на набавката.

Порачката од став 1 на овој член треба да има потпис од овластен потписник на договорниот орган, архивски број и печат.

Порачката треба да содржи: вид и количина на стоките што се порачуваат, место на испорака, рок на испорака и лице за прием на стоките.

Доколку испораката на образовните и дидактички материјали од страна на носителот на набавката нема да биде во согласност со издадената писмена порачка или ќе биде извршена без порачка издадена од договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат, односно ќе паднат на товар на носителот на набавката.

Испораката на стоките предмет на договорот ќе се врши во просториите на договорниот орган во Скопје.

За испораката определени лица кај договорниот орган и носителот на набавката потпишуваат испратница и/или записник дека предметот на договорот е испорачан согласно порачката и одредбите во овој договор.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Договорниот орган ќе го изврши плаќањето врз основа на доставена фактура од страна на носителот на набавката, по извршената испорака врз основа на писмена порачка.

Фактурата за извршената испорака се доставува на договорниот орган на

следнава адреса: Министерство за финансии, ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје.

Кон фактурата задолжително се приложува потпишана испратница и/или записник со која се потврдува уредно извршената испорака.

Доколку доставената фактура не содржи испратница и/или записник, нема да се реализира и ќе биде вратена на докомплетирање.

Договорниот орган ќе го врши плаќањето во рок од 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата.

## V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 6

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ја изврши испораката навремено и квалитетно согласно прифатената понуда и одредбите во овој договор.

Носителот на набавката се обврзува дека предметот на договорот што ќе биде испорачан ќе биде од типот и составот што ги посочил во понудата и ќе ги има истите технички карактеристики како во Прилогот 1 кон договорот.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот за извршување на договорот кој е дефиниран во член 4, став 1 на овој договор.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 7

Договорниот орган го задржува правото да изврши тестирање на образовните и дидактички материјали за градинката на Министерството за финансии кај соодветна установа доколку се сомнева во квалитетот.

Доколку по извршеното тестирање на материјалите се утврди дека истите не се во согласност со Законот за техничките барања за производите и оцена на сообразност и Правилникот за безбедност на детски играчки, носителот на набавката е должен да го замени материјалот со материјал кој е во согласност со законската регулатива во Република Северна Македонија или во спротивно носителот на набавката ќе биде одговорен за надомест на настанатата штета.

### Член 8

Договорниот орган се обврзува во писмената порачка да определи лица кои ќе бидат задолжени да извршат квалитативен и квантитативен прием на стоките – предмет на договорот.

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето за извршената испорака ќе

го врши во рокот утврден во член 5 став 5 на овој договор.

## VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 9

Договорот е со важност од 6 (шест) месеци од денот на неговото потпишување од двете договорни страни или до денот на неговото целосно реализирање.

## VIII. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ

### Член 10

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност и да е со важност до целосно реализирање на договорот.

Со банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката безусловно гарантира за целосно, квалитетно и навремено извршување на обврските по овој договор.

Недоставување на банкарската гаранција претставува основ за раскинување на овој договор.

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од договорот.

Во случај носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) да не можел да ја изврши услугата, договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција, доколку носителот на набавката достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршената или ненавремено извршената услуга, а образложението биде писмено прифатено од страна на договорниот орган.

# IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ И ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 12

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплата на банкарската гаранција носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 13

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 14

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## X. ВИША СИЛА

Член 15

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 17

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 18

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 19

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 20

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| Договорен орган:<br>Република Северна Македонија<br>Министерство за финансии<br>Скопје | Носител на набавката:<br>Друштво за промет и услуги<br>АНДРЕЈ-КОМПАНИ ДООЕЛ Конев<br>Борче и др. увоз-извоз Штип |
| Министер за финансии<br>м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | Управител<br>Андреј Конев |

Изработил: Мариа Анѓелеска
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Андреј Ангеловски
Согласен: Андриана Матлиоска

Прилог 1 кон договорот за образовни и дидактички материјали – Единечни цени

| Ред. бр. | Опис | Единечна цена без ДДВ | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Бебешка количка со покривче наменета за игра со кукла во лежечка положба изработена од квалитетна лиена пластика во две бои со заоблени ивици заради поголема безбедност. Минимални димензии: 36/51/54 см. | 529,66 | 2 |
| 2 | Колевка за кукла изработена од квалитетна антиканцерогена пластика со заоблени ивици во комбинација со текстил/платно со мин. димензии: 35/57/38 см. | 826,27 | 2 |
| 3 | Колевка за кукла изработена од квалитетна антиканцерогена пластика со заоблени ивици во комбинација со текстил/платно со мин. димензии: 56/37/38 см. | 805,08 | 2 |
| 4 | Бебе кукла со едноделна облека и капче од текстил. Материјалот од кој е изработена куклата е квалитетна антиканцерогена гума наменета за игра на деца на возраст од 36+ месеци. Висина на кукла мин. 26 см. | 838,98 | 1 |
| 5 | Бебе кукла со едноделна облека, капче и чорапи од текстил. Материјалот од кој е изработена куклата е квалитетна антиканцерогена гума наменета за игра на деца на возраст од 36+ месеци. Висина на кукла мин. 27 см. | 838,98 | 1 |
| 6 | Сет за детска игра составен од кукла со кадичка и дополнителен аксесорис од мин. 8 парчиња за одржување на хигиена, хранење и игра. Материјалот од кој е изработено бебето е квалитена гума облечено во облека од текстил а аксесорисот е изработен од квалитетна антиканцерогена пластика со заоблени ивици. Минимални димензии на кадичката: 30/14/11 см. и висина на куклата од мин. 21 см. | 1.058,47 | 1 |
| 7 | Сет за бањање составен од гумено бебе од мин. 28 см, облечено во троделна облека, кадичка која има функција да работи со вода и дополнителен аксесорис за одржување, | 1.334,75 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | хигиена, хранење и мочкање составен од повеќе елементи. Бебето треба да има опција да се храни како вистинско дете и воедно да мочка, а со притискање на мешето испушта звуци, зборува, плаче и сл. Наменето за деца на возраст од 36+ месеци | | |
| 8 | Повеќенаменски сет за детска игра составен од бебе кукла изработено од квалитетна гума облечено во шпихозни со капче и дополнителен аксесорис за исхрана, заспивање, одржување на хигиена и вршење на физиолошки потреби како кај луѓето. Воедно со притискање на мешето на бебето се предизвикуваат мин. 12 звуци. Сите дополнителни елементи на сетот треба да се изработени од квалитетна антиканцерогена пластика со заоблени ивици заради поголема безбедност при игра. Наменето за деца на возраст од 36+ месеци<br>Мин. висина на бебето 27см. | 1.144,07 | 1 |
| 9 | Мека кукла бебе облечена во бањарка со гумена глава, очиња што трепкаат и целосно меко торзо со дополнителен аксесорис од мин. 4 парчиња за хранење. Куклата има опција да пие млеко со помош на шишенце кое кога ќе се преврти наопаку изгледа како бебето вистински да го пие млекото. Наменето за деца од 36+ месеци. Висина на бебето од мин. 33 см. | 1.385,59 | 1 |
| 10 | Сет за детска игра составен од женска кукла во фустанче, количка чадор систем и дополнителен аксесорис за исхрана, хигиена и вршење на физиолошки потреби како кај луѓето. Куклата е со опција да пие и мочка и воедно испушта со притискање на мешето мин. 12 звуци и трепка со очињата. Сетот е изработен од квалитетна пластика и гума и е наменет за игра на деца од 36+ месеци. Висина на куклата мин. 28 см. | 1.182,20 | 1 |
| 11 | Плеј мат составен од мин. 16 елементи со димензии мин. 25/29,5 см. расположлив во повеќе бои (црвена, плава, зелена, жолта и др.) изработен од полиетиленска пена која е безбедна за употреба, нетоксична, | 936,44 | 4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | антибактериска лесна за одржување. Наменет за деца на возраст од 12+ месеци | | |
| 12 | Плеј мат со геометриски форми составен од мин. 9 елементи со димензии мин. 33/33 см. расположлив во комбинација на повеќе бои (црвена, плава, зелена, жолта и др.) изработен од полиетиленска пена која е безбедна за употреба, нетоксична, антибактериска лесна за одржување. | 605,93 | 4 |
| 13 | Спортски автомобил - Формула со воланче со свирка кој се движи со туркање. Формулата треба да има седиште кое се отвара за складирање на ситна дидактика во диспанзерот под седиштето или еквивалент . Возилото треба да е изработено од квалитетна лиена пластика со заоблени ивици заради поголема безбедност. | 1.542,37 | 1 |
| 14 | Туркало за деца во форма на автомобил на четири тркала со воланче со свирка. Туркалото треба да има анатомско седло со наслон а седиштето да се подига како капак за складирање на ситна дидактика под седиштето. Материјалот од кој треба да е изработено туркалото е квалитетна лиена антиканцерогена пластика. | 1.542,37 | 1 |
| 15 | Тротинет на туркање со 3 тркала од кои две се напред и едно од позади. Тркалата на тротинетот да се изработени од силикон. Висински да се поставува на две нивоа. Тротинетот треба е изработен од комбинација на метал, пластика и силикон и да има кочница на задното тркало со можност да се склопува за полесно чување и пренесување. Расположлив во повеќе бои (розе, плава, жолта, црвена, зелена боја и др.) со димензии мин. 29/63/96 см. Наменето за деца над 4 години. | 2.033,90 | 2 |
| 16 | Спортски автомобил на четири тркала која се движи со туркање или еквивалент . Автомобилот треба да има воланче со свирка и да има наслон за потпирање на грбот.Материјалот од кој треба да е изработен авотмобилот треба да е исцело лиена пластика (во црвена или плава боја) | 1.694,92 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | или еквивалент и да е со мин. дим. 39/70/40см. Наменет за деца на возраст од 36+ месеци. | | |
| 17 | Спортски мотор на две тркала кој се движи со помош на туркање со нозете изработен од квалитетна лиена пластика. Димензии на моторот мин. 66/35/40 см. Наменето за деца на возраст од 24+ месеци | 1.432,20 | 1 |
| 18 | Спортски мотор на две тркала кој се движи со помош на туркање со нозете изработен од квалитетна лиена пластика. Димензии на моторот мин. 50/71/27 см. Наменето за деца на возраст од 24+ месеци | 1.322,03 | 2 |
| 19 | Тротинет на туркање на четири тркала изработен од квалитетна лиена пластика, расположлив во две комбинации на бои (црвено со жолта и плава и розева со виолетова ) со свирка и димензии мин. 28/54/62 см. Наменето за деца на возраст од 36+ месеци. | 1.046,61 | 1 |
| 20 | Едукативна количка на влечење со рачка со сет од мин. 10 големи коцки која содржи графомоторичка табла со повеќе елементи (дел за сортирање на геометрски форми, огледалце, книга, запчаници и билдинг платформа за работа со коцки или еквивалент. Материјалот од кој се изработени сите елементи треба да е квалитетна лиена антиканцерогена пластика. Мин. димензии: 40/26/18 см. | 932,20 | 2 |
| 21 | Сет за едукативна и забавна игра кој треба да содржи платформа за поставување на мин. три топчиња кои со помош на чеканче треба да се удираат за да се спуштат по патека која се содржи на платформата. Материјалот од кој треба да е изработен сетот е квалитетна антиканцерогена пластика. Наменето за игра на деца на возраст од 12+ месеци. Минимални димензии на играта: 10,6/26/13,7 см. | 432,20 | 1 |
| 22 | Детска работилница која треба да содржи кофичка со капак отварање и рачка и мин. 9 елементи за навртување во различни форми . Материјалот од кој треба да е изработен целиот сет е квалитетна антиканцерогена | 389,83 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | пластика во повеќе бои. Наменето за деца на возраст од 12+ месеци. | | |
| 23 | Докторски сет во куферче на тркалца со 2 рачки од кои една на извлекување кој содржи мин. 15 елементи или еквивалент. Куферчето кога ќе се отвори треба да послужи како мини докторска ординација. Сите елементи на докторскиот сет треба да се изработени од квалитетна антиканцерогена пластика со заоблени ивици заради поголема безбедност при игра. | 838,98 | 2 |
| 24 | Маркет количка со дополнителен аксесорис од мин. 24 парчиња изработена од квалитетна лиена пластика со заоблени рабови. Количката треба да биде со можност за отстранување на корпата за да може да се пазари и турка. | 762,71 | 2 |
| 25 | Мини кујна во куферче на тркалца со 2 рачки од кои една на извлекување за да може лесно да се пренесува од едно на друго место кој содржи мин. 15 елементи или еквивалент. Куферчето кога ќе се отвори треба во внатрешноста да има шпорет со две рингли, садопер со чешма, мини цедалка за садови, една полица за складирање прибор за готвење, табла за запишување, тавче и тенџерче со капаци и прибор за готвење од мин. 4 елементи за да може да послужи како мини кујна за пикник или слично. Сите елементи на мини кујната треба да се изработени од квалитетна антиканцерогена пластика со заоблени ивици заради поголема безбедност при игра. | 838,98 | 2 |
| 26 | Маркет торба со тркалца и рачка за полесно пренесување која треба да содржи мин. 25 елементи од типот на садови за готвење и јадење, прибор за готвење и јадење, прехранбени производи и овошја и зеленчуци за подготовка на оброци. Сите елементи треба да се изработена од квалитетна антиканцерогена пластика со заоблени ивици заради безбедност при игра на децата. | 762,71 | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 27 | Гаража за автомобили на мин. три ката која треба да содржи повеќе патеки за движење на возила со дополнителни елементи и мин. два автомобила.<br>Минимални димензии на гаражата: 71/49/56 см. Материјалот од кој треба да е изработен целиот сет е квалитетна антиканцерогена пластика во повеќе бои. | 1.728,81 | 1 |
| 28 | Гаража за автомобили на мин. четири ката која треба да содржи повеќе патеки за движење на возила со дополнителни елементи и мин. два автомобила.<br>Минимални димензии на гаражата: 72/49/56 см. Материјалот од кој треба да е изработен целиот сет е квалитетна антиканцерогена пластика во повеќе бои. | 1.974,58 | 1 |
| 29 | Конструктор сет за формирање на воена гаража на два ката. Сетот треба да има лифт за движење на мин. 4-5 воени возила од првиот до вториот кат. На првиот кат треба да има облежување на патека за движење на возилата а на вториот кат да содржи перална за коли и облележување за хелиодром. Мин. димензии на воената гаража: 495x110x390мм. Сите елементи на сетот треба да се изработени од квалитетна пластика во мин. 4 бои со фино заоблени ивици. | 1.228,81 | 1 |
| 30 | Конструктор за градење на пожарникарска гаража на три ката со спирална патека странично поставена на гаражата за спуштање на пожарникарски возила. Гаражата треба да има перална поставена на третиот кат, да содржи лифт за транспортирање на возила со мин. димензии на гаражата од 64/10/40 см. Конструкторот треба да е изработен од квалитетна пластика со заоблени ивици и да содржи мин. 2 пожарникарски возила. | 1.576,27 | 1 |
| 31 | Музичко фризерско катче составено од мин. 25 елементи изработено од квалитетна антиканцерогена лиена пластика со димензии на тоалетната маса со огледало мин. 33/60/71 см., на столчето мин. 38/38/29 | 2.415,25 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | см. Наменето за деца на возраст од 36+ месеци. | | |
| 32 | Каскадна игра која содржи повеќе патеки на кои треба да има различни видови на препреки составена од мин. 48 дела и содржи мин. 20 топчиња. Сите елементи од сетот треба да се изработени од пластика со заоблени ивици во мин. 4 бои. | 1.313,56 | 1 |
| 33 | Сет геометриски форми за нижење изработени од дрво со заоблени ивици и обоени со нетоксични бои на база на вода. Сетот треба да содржи мин. 50 елементи и конопна врвка и треба да е наменет за игра на деца на возраст од 18+ месеци. | 932,20 | 2 |
| 34 | Хоризонтална координациска игра лавиринт изработена од нетоксично дрво обоено со бои на база на вода. Минимални димензии: 7,5/31/30,5 см. | 915,25 | 1 |
| 35 | Конструктор за градење на куќички кој со поврзување на истите станува град составен од мин. 35 елементи во различни бои (мин 4 бои) . Материјалот од кој е изработен сетот треба да е квалитетна антиканцерогена пластика. Наменет за деца на возраст од +24 месеци. Мин. димензии на еден елемент 4/7/4 см. | 495,76 | 2 |
| 36 | Сет од мин. 96 елементи во различни форми на атоми или еквивалент кои треба да се во различни бои со можност за нивно поврзување во различни форми во согласност со креативноста и имагинацијата на детето. Сетот треба да е изработен од мека пластика со фино заоблени рабови заради безбедност при игра. Наменето за деца на возраст од 36+ месеци | 466,10 | 1 |
| 37 | Сет од мин. 224 парчиња на клик блокови во различни бои (мин. 4 бои) за формирање на различни слики, елементи и сл. во согласност со детската креативност или еквивалент. Наменети се за деца на возраст од +36 месеци. Материјалот од кој треба да се изработени е квалитетна антиканцерогена пластика. | 432,20 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 38 | Сет составен од мин. 128 елементи во форма на елкички со жлебови за формирање на сложувалки со различни теми во зависност од имагинацијата на детето. Сетот треба да е изработен од квалитетна мека и еластична пластика во мин. 4 бои. Наменето за деца на возраст од 36+ месеци. | 495,76 | 1 |
| 39 | Едукативна игра со елементи во форма на спајалици или еквивалент кои меѓусебно може да се поврзат за да се формираат разноразни креации на слики. Материјалот од кој е изработен сетот е квалитетна мека пластика или гума која е безбедна за употреба во разични бои. Сетот треба да содржи мин. 448 парчиња. Наменето за игра на деца на возраст од +36 месеци. | 436,44 | 1 |
| 40 | Едукативна игра со макети за формирање на различни облици на возила и сл. изработена од квалитетна лиена пластика со фино заоблени рабови составена од мин. 128 елементи во различни бои и форми. Сетот треба да содржи тркала, осовини и штрафови за правење на макетите. Наменето за деца на возраст од +36 месеци. | 881,36 | 1 |
| 41 | Едукативен сет со големи пазли за формирање на различни елементи од типот: столче, кола, локомотива, вагон, робот, куќа, и сл. составен од мин. 13 елементи во мин. 4 различни форми од кои едниот елемент е со тркала и со димензии мин. 47x36x9 см. а останатите три форми да се со димензии од мин. 22x22x3 см. кои само во внатрешноста се разликуваат по исполнетост на елементот или еквивалент. Материјалот од кој е изработен сетот е цврста квалитетна лиена антиканцерогена пластика со фино заоблени рабови. Наменето за игра на деца на возраст од +12 месеци | 1.652,54 | 1 |
| 42 | Сет од џамбо брик блокови за формирање на воз и други елементи од типот на згради, мостови, куќи и сл. Сетот треба да содржи мин. 43 елементи во различни геометриски форми со следниве димензии: Правоаголник со димензии мин. 23x11.5x9 см., правоаголник | 2.699,15 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | со димензии мин. 11.5x11.5x9см., силиконска или конопна врвка со пластична алка со должина од мин. 20 см. и 6 осовини со по 2 тркала со димензии од мин. 13.5x19смx6.5 см. Материјалот од кој е треба да е изработен сетот е квалитетна лиена антиканцерогена пластика во мин. 4 бои (црвена, плава, зелена и жолта) со фино заоблени рабови за безбедна игра на децата. Наменет е за игра на деца на возраст од +36 месеци. | | |
| 43 | Сет коцки во пвц кутија со билдинг платформа за градење поставена на капакот составен од мин. 260 елементи во различни бои и форми кој содржи освен коцки и дополнителен аксесорис или еквивалент изработен од квалитетна антиканцерогена пластика со заоблени ивици. Мин. димензии на кутијата: 26/37/31см. | 1.707,63 | 1 |
| 44 | Сет пиксел 3Д блокови составен од мин. 1750 парчиња изработени од квалитетна пластика во повеќе бои.<br>Наменето за деца на возраст од 5+ години | 754,24 | 1 |
| 45 | Сет за конструкција на превозно средство воз со железничка станица кој содржи локомотива и мин. 3 вагони и се движи со помош на мин. 16 тркала поставени на мин. 4 осовини составен од мин. 75 парчиња на големи коцки во различни бои изработени од квалитетна антиканцерогена пластика со фино заоблени ивици наменети за игра на деца на возраст од 24+месеци | 783,90 | 1 |
| 46 | Конструктор за трки со автомобили составен од мин. 50 елементи од кои еден елемент е возило. Конструкторот треба да е пакуван во картонска кутија со пластичен поклопец - во форма на билдинг платформа за редење на елементите со димензии: мин. 26/30/10 см. Наменето за деца на возраст од 18+ месеци. | 495,76 | 1 |
| 47 | Конструктор за градење составен од мин. 43 елементи пакуван во кутија со платформа за градење на капакот. Конструкторот треба да е со можност за формирање на кран за подигнување на елементи како товар со помош на врвка во висина, рампа за возила, | 826,27 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | конуси за обележување и едно камионче кипер за товарање на коцките. Сите елементи од сетот треба да се изработени од пластика со фино заоблени ивици во повеќе бои. | | |
| 48 | Конструктор со коцки за трки со формули составен од мин. 40 елементи пакуван во кутија со платформа за градење на капакот. Сетот треба да содржи сервис за поправки, две возила, рампа за почеток на трка, препреки, знаци сообраќајни и сл. Материјалот од кој треба да е изработен сетот е квалитетна лиена пластика со заоблени ивици заради поголема безбедност. | 529,66 | 1 |
| 49 | Конструктор со коцки за градење на болница или еквивалент составен од мин. 42 елементи изработен од квалитетна пластика со заоблени ивици пакувани во правоаголна кутија која на капакот има конструктор платформа за градење. Сетот треба да содржи елементи од типот на амбулантно возило, паркинг на болницата, болничка зграда, семафор и сообраќајни знаци. | 508,47 | 1 |
| 50 | Сет големи коцки составен од мин. 43 парчиња на различни форми на коцки пакувани во ПВЦ кутија со конструктор платформа на капакот. Сетот коцки треба да е наменет за формирање на градилиште. Освен тоа сетот треба да содржи минимум 2 пара тркала за да се формира и возило за превоз на градилиштето. Материјалот од кој е изработен сетот е високо квалитетна антиканцерогена пластика. | 826,27 | 1 |
| 51 | Сет кактус коцки составен од мин. 55 елементи во мин. 3 различни димензии за формирање на различни форми на превозни средства со тркалца. Материјалот од кој треба се изработени блоковите е фина пластика, флексибилна за работа со истата. | 495,76 | 1 |
| 52 | Сет кактус коцки за формирање на фарма (да може да се формира куќа, работни алатки за на фармата, возила и сл.) составен од мин. 75 парчиња кој содржи еден лик на фармер и лик на кравичка и тркала за формирање на | 605,93 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | возила или еквивалент изработени од фина пластика, флексибилна за работа со истата. | | |
| 53 | Сет геометриски форми за нижење составен од мин. 156 елементи во кои има една врвка за нижење и мин. 9 различни геометриски форми во мин. 5 различни бои. Материјалот од кој треба да е изработен сетот е квалитетна лиена пластика со фино заоблени ивици. | 576,27 | 2 |
| 54 | Мајсторска работилница со алатки и др. дополнителни елементи изработена од нетоксично дрво со фино заоблени ивици обоено со нетоксични бои на база на вода. Сетот треба да содржи мин. 8 елементи и да има мин. димензии од: 17/29/33 см. | 1.266,95 | 1 |
| 55 | Едукативна координациска игра лавиринт со монистри составена од мин. 27 елементи. Материјалот од кој треба да е изработена играта е комбинација на дрво обоено со бои на база на вода и метал. Наменето за игра на деца на возраст од 36+ месеци за развој на вештини за совпаѓање, развој на координација на рака-око. | 1.271,19 | 1 |
| 56 | Сет пазли за градење на град со станбени згради, куќи и сл. составен од мин. 64 елементи во мин. 9 различни форми или еквивалент. Материјалот од кој треба да е изработен сетот е квалитетна лиена пластика со заоблени ивици. Димензии на форма мин. 5,5/5 см. | 466,10 | 2 |
| 57 | Сет пазли за градење на град со станбени згради, куќи и сл. составен од мин. 128 елементи во 9 различни форми. Материјалот од кој треба да е изработен сетот е квалитетна лиена пластика со заоблени ивици. Димензии на форма мин. 5,5x5 см. | 805,08 | 2 |
| 58 | Сет тиктак коцки составен од мин. 62 парчиња во мин 4 бои пакувани во пвц кутија со капак изработен од квалитетна лиена пластика со заоблени рабови заради поголема безбедност при игра во мин. 4 бои. | 508,47 | 2 |
| 59 | Сет смарт блокови или еквивалент составен од мин. 80 парчиња во 4 различни бои за формирање на разни фигури од квалитетна | 542,37 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | пластика со заоблени ивици заради поголема безбедност пакувани во пвц кутија со капак. | | |
| 60 | Камион кипер со сет од мин 30 големи коцки во различни бои. Сите делови од сетот треба да се изработени од квалитетна пластика со фино заоблени ивици наменето за игра на деца на возраст од 18+ месеци. | 847,46 | 1 |
| 61 | Голем камион ѓубретарка со подвижен контејнер и сет од големи коцки во различни бои составен од мин. 45 коцки. Сетот е изработен од квалитетна лиена пластика со заоблени ивици заради поголема безбедност. | 889,83 | 1 |
| 62 | Конструктор за изградба на еднокатна куќа со тераса, гаража за возило, ограда со дополнителен аксесорис за седење во двор и две човечиња составен од мин. 38 елементи изработени од квалитетна антиканцерогена пластика со заоблени ивици заради поголема безбедност при игра. | 830,51 | 1 |
| 63 | Сет за моделирање на пластелин на тема вселена со тежина од мин. 380 гр. составен од мин. 5 различни бои на пластелин и 9 различни елементи – алатки за моделирање на пластелинот од пластика со фино заоблени ивици заради поголема безбедност при игра. | 557,14 | 1 |
| 64 | Сет за моделирање на тема замок со тежина од мин. 336 гр. или еквивалент кој содржи мин. 6 различни бои на пластелин и дополнителни елементи за моделирање на пластелинот од квалитетна антиканцерогена пластика. | 757,14 | 1 |
| 65 | Сет за моделирање на пластелин на тема забар кој содржи мин. 4 различни бои на пластелин и различни елементи за моделирање на пластелинот. | 566,67 | 1 |
| 66 | Сет за моделирање на пластелин на тема фризерница кој треба да содржи мин. 4 различни бои на пластелин и различни елементи за моделирање на пластелинот од пластика со мин. тежина од 224 гр. | 409,52 | 1 |
| 67 | Сет за моделирање на пластелин на тема - професија готвач кој треба да содржи мин. 4 различни бои на пластелин, алатки за | 394,07 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | моделирање на пластелинот и шпоретче за готвење изработени од пластика со мин. тежина од 224 гр. | | |
| 68 | Сет за моделирање на пластелин на тема – професија слаткар со тежина од мин. 224 гр. кој содржи мин. 4 различни бои на пластелин и различни алатки и макети за моделирање на пластелинот од пластика. | 419,05 | 1 |
| 69 | Сет за моделирање на пластелин на тема – куќа кој треба да содржи мин. 6 бои на пластелин и дополнителен аксесорис од пластика од типот на преса за цигли, покривче, врата, прозорци и сл. за моделирање на пластелинот.<br>Сетот треба да има мин. тежина од 600 гр. | 680,95 | 1 |
| 70 | Сет за моделирање на пластелин составен од мин. 4 различни бои на пластелин со вкупна тежина од 224 гр., мин. 6 модли за геометриски форми и 5 алатки за моделирање на пластелинот пакувани во пвц ташничка со рачка за полесно чување и пренесување или еквивалент. | 523,81 | 1 |
| 71 | Сет за моделирање на пластелин на тема праисториски животни – диносауруси кој треба да содржи мин. 4 бои на пластелин со тежина од мин. 200 гр. и да има мин. 8 модли како преса за формирање на различни видови диносауруси изработени од пластика. | 242,86 | 1 |
| 72 | Сет за моделирање на пластелин на тема – воден свет кој треба да содржи мин. 4 бои на пластелин со тежина од мин. 200 гр. и мин. 8 модли или калапи за формирање на животни кои живеат во вода и ваљаче за полесно развлекување на пластелинот изработени од квалитетна антиканцерогена пластика со фино заоблени ивици. | 242,86 | 1 |
| 73 | Сет за моделирање на пластелин на тема – роденден кој треба да има тежина од мин. 200 гр. да содржи 4 бои на пластелин и да има мин. 4 модли за формирање на слатки, калап со 11 модли за украсување слатки и едно ваљаче за полесно развлекување на пластелинот изработени од пластика со фино заоблени рабови. | 242,86 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 74 | Сет за моделирање на пластелин на тема – диви животни кој треба да има тежина од мин. 200 гр. да содржи мин. 4 бои на пластелин и да има мин. 6 модли за формирање на животните и едно ваљаче за полесно развлекување на пластелинот изработени од пластика со фино заоблени рабови. | 242,86 | 1 |
| 75 | Сет за моделирање на пластелин на тема – геометриски форми кој треба да има тежина од мин. 200 гр. да содржи мин. 4 бои на пластелин и да има мин. 6 модли за формирање на геометриски формии еден ролер за полесно истенчување на пластелинот изработени од пластика со фино заоблени рабови. | 242,86 | 1 |
| 76 | Сет за моделирање на пластелин кој треба да има тежина од мин. 200 гр. да содржи мин. 4 бои на пластелин и да има мин. 4 алатки за полесно моделирање на пластелинот изработени од пластика со фино заоблени рабови. | 228,57 | 1 |
| 77 | Сет за моделирање на пластелин на тема – пица кој треба да има тежина од мин. 200 гр. да содржи мин. 4 бои на пластелин и да има мин. 4 алатки за полесно моделирање на пластелинот и една преса со повеќе форми за правење на пицата изработени од пластика со фино заоблени рабови. | 242,86 | 1 |
| 78 | Сет за моделирање на пластелин на тема – брза храна кој треба да има тежина од мин. 200 гр. да содржи мин. 4 бои на пластелин и да има мин. 4 модли за полесно моделирање на пластелинот и една алатка за работа со пластелинот изработени од пластика со фино заоблени рабови. | 242,86 | 1 |
| 79 | Сет за моделирање на пластелин на тема – сендвич кој треба да има тежина од мин. 200 гр. да содржи мин. 4 бои на пластелин и да има мин. 10 модли за полесно моделирање на пластелинот изработени од пластика со фино заоблени рабови. | 242,86 | 1 |
| 80 | Сет за моделирање на пластелин на тема – океанот и живиот свет во него кој треба да | 138,10 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | содржи мин мин. 3 бои на пластелин со тежина од мин. 150 гр. и мин. 8 модли за моделирање на различни форми изработени од пластика со фино заоблени ивици. | | |
| 81 | Сет за моделирање на пластелин на тема – плажа кој треба да содржи мин. 3 бои на пластелин со тежина од мин. 150 гр. и мин. 6 модли за моделирање на различни елементи на плажата изработени од пластика со фино заоблени ивици. | 138,10 | 1 |
| 82 | Сет за моделирање на пластелин на тема – весели човечиња кој треба да содржи мин. 3 бои на пластелин со тежина од мин. 150 гр. и мин. 12 дополнителни елементи за формирање на човечињата изработени од пластика. | 138,10 | 1 |
| 83 | Сет за моделирање на пластелин на тема подготвуваме пица кој треба да содржи мин. 3 различни бои на пластелин со тежина од мин. 150 гр., мин. 2 алатки за моделирање на пластелинот и калап со различни форми изработени од пластика со фино заоблени ивици. | 138,10 | 1 |
| 84 | Сет за моделирање на пластелин на тема подготвуваме хамбургер кој треба да содржи мин. 3 различни бои на пластелин со тежина од мин. 150 гр., мин. 1 алатка за моделирање на пластелинот, помфрит и калап со различни форми изработени од пластика со фино заоблени ивици. | 138,10 | 1 |
| 85 | Сет за моделирање на пластелин на тема подготвуваме роденденска торта кој треба да содржи мин. 3 различни бои на пластелин со тежина од мин. 150 гр., мин. 1 алатка за моделирање на пластелинот и калап со различни форми изработени од пластика со фино заоблени ивици. | 138,10 | 1 |
| 86 | Сет за моделирање на пластелин на тема слатка кујна кој треба да содржи мин. 4 бои на пластелин со поединечна тежина од мин. 56 гр., модли и алатки за моделирање на пластелинот, кујнски елементи, фрижидер, трпезариска маса со 2 столчиња, садови и | 1.228,57 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | кукла со мин. висина од мин. 25 см изработени од пластика. | | |
| 87 | Едукативна игра која содржи азбука на македонски јазик со абакус и часовник со стрелки кои се движат изработена од квалитетно дрво обоено со нетоксични бои на база на вода. | 1.300,00 | 1 |
| 88 | Ксилофон со две удиралки изработен од комбинација на дрво и метал со мин. должина од 41.5 см., мин. ширина 18см и мин. висина од 3см. Должина на стапчињата од мин. 20 см. Дрвото од кое е изработено постољето на ксилофонот треба да е нетоксично со фино заоблени ивици заради поголема безбедност при игра, како и на удиралките и обоено со бои на база на вода. Елементите од метал исто така треба да се обоени со нетоксични бои, да имаат тапи рабови и сл. Наменето за игра на деца на возраст од 36+ месеци. | 1.355,93 | 1 |
| 89 | Едукативна графомоторичка коцка со различни активности на секоја од страните или еквивалент која на едната страна содржи искривени патеки за координација на рака око или еквивалент.Треба да има можност истата да се расклопи и да се поврзе како табла за реализација на активностите на под или на маса. Коцката треба да биде изработена од лиена повеќебојна антиканцерогена пластика со заоблени ивици заради поголема безбедност на децата при игра на возраст од 12+ месеци . Минимални димензии: 34//22/22см | 932,20 | 1 |
| 90 | Сет геометриски форми со магнет за конструирање на различни форми на облици . Сетот треба да содржи мин. 30 елементи од кои дел се триаголници и дел коцки во различна боја која е провидна се со цел зголемување на вниманието кај децата или еквивалент. Сите елементи треба да се со заоблени ивици заради поголема безбедност и да се изработени од фина антиканцерогена пластика со магнет. Наменето за игра на деца на возраст од 36+ месеци. | 1.601,69 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 91 | Интерактивен воз со сет од мин. 22 гумени коцки или еквивалент. Возот треба да е изработен од антиканцерогена пластика со фино заоблени ивици, да има 4 тркала со помош на кои може да се движи при игра, како и врвка со која може да се влече. Возот треба да содржи локомотива и еден вагон со отворени прозорчиња од двете страни во кој треба да се сместени коцките од гума кои треба да се во различни форми и пастелни бои. Покривчето на вагонот треба да е мобилно за полесно вадење на коцките а на горната страна од истото да има платформа за редење на коцките. Сетот требада содржи и тркала за формирање на различни возила. Мин. димензии на возот: 36/22/15см. | 1.016,95 | 1 |
| 92 | Сет меки пвц топчиња во различни бои пакувани во пвц торба кој треба да содржи мин. 100 парчиња со дијаметар на топче од мин. 9 см или еквивалент. | 1.300,00 | 2 |